*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 9<br>1 јуни 2007 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLIV |


153.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за Штипско културно лето 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-1764/2<br>1 јуни 2007 година | Градоначалник<br>на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

154.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 мај 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2007 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за Штипско културно лето 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1764/1
30 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО
Извештај за седница

Советот на Општина Штип во рамките на своите надлежности согласно определбата да овозможи услови за континуирано остварување и заштита на културните вредности преку обезбедување на достапност до граѓаните и нивното масовно користење, распиша Јавен повик за пријавување на проекти кои ќе бидат дел од содржината на ШКЛ ´07. Јавниот повик беше упатен по сите локални медиуми и истиот ги постигна очекуваните резултати.

Во определениот рок до Советот на ШКЛ ´07 пристигнаа 87 проекти/ програмски содржини од сите области на уметничкото творење. Како апликанти се јавија: сите институции од областа на културата /национални и локални/; невладини организации, група уметници и самостојни уметници. Најголемиот дел од нив беа од нашиот град, а имаше и од целата Република, но и од странство.

Врз основа на пристигнатите апликации Советот на три седници одржани на 04. , 11. и 29. мај ја состави предлог Програмата за ШКЛ ´07 и истата преку Комисијата за општествени дејности и Комисијата за финансии и буџет му ја доставува на Советот на општина Штип на усвојување.

Советот ШКЛ ´07 кој работеше во проширен состав, при разгледувањето на апликациите ги имаше во предвид основните заложби манифестацијата која има долга традиција и реноме истите да ги задржи преку обезбедување разновидност на содржините и квалитет.

Советот на ШКЛ ´07 му предлага на Советот на Општината при усвојувањето на предлог Програмата да ја има предвид флексибилноста со дадена можност прецизирањето на терминитe на одржување и местото на одржување дополнително да бидат утврдени. Ова пред се´заради можноста да се договара со учесниците според некоја наша динамика за реализирање на програмата, но и според ангажманот на уметниците. Манифестацијата би требало да започне на 22. јуни и да трае до 31. јули. Свеченото отворање на манифестацијата и содржината со која ќе се отвори дополнително ќе се утврдат.

Во рамките на трошковникот, Предлог програмата ги содржи само поединечните и збирниот трошок на програмскиот дел кој е предвиден од буџетот на Општината како организатор. Предвидено е, исто така, дел од потребните средства да се обезбедат преку донации и покровителства. Дополнителни трошоци околу маркетиншкиот дел на целокупната манифестација: печатење на флаери, плакат и документирање /фото сесии/ се предвидени во висина од 30.000 денари.

Во прилог на информацијата е и табеларниот преглед на содржините и нивното чинење.

Совет на ШКЛ ´07

| општина штип | Штипско културно лето ´07 | | | јули 02 -31 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | носител | | вид на програмска активност (литература / театар / музика / ликовна) | финансии | термин |
| | 1. | **самостоен** | Солистички концерт Благица Поп-Томова/Горан Начевски | 25.000 | 04.07. отвор |
| | 2. | **самостоен** | Концерт на пијано Кирил Кутин - Република Бугарија | 6.200 | 09.07.2007 |
| | 3. | самостоен | Концерт на пијано Огненка Герасимова | 3.000 | 17.07.2007 |
| | 4. | **самостоен** | Концерт на пијано Лазаревски Горан/Тања Трбоевиќ | 3.000 | |
| | 5. | **самостоен** | Изложба на Љубица Донска 50 години јубилеј од првата изложба | 7.000 | |
| | 6. | Центар за култура | изложба ликов.колонија Јоаким Осоговски - Крива Паланка | 2.500 | 09.07.2007 |
| | 7. | | Квартет Гелебешеви - концерт | 5.000 | 14.07.2007 |
| | 8. | | Народен театар Штип - премиера | 5.000 | 05.07.2007 |
| | 9. | | Најдобрата претстава од фестивалот "В. Чернодрински" | 35.000 | 18.07.2007 |
| | 10. | | Претстава на народниот театар Лесковац | 25.000 | 02.07 2007 |
| | 11. | | Synthesis концерт | | покровителство |
| | 12. | | Претстава на Драмски театар од Благоевград/Пазарџик | 12000 | 24.07.2007 |
| | 13. | **Завод Музеј** | Изложба на Елена Стојанова / дом на култура/ | 7.000 | 04.07.отворање |
| | 14. | | Изложба на Горан Боев /Безистен/ | 7.000 | 18.јул |
| | 15. | | Концерт БРАС КВАРТЕТ "Симеон Савев" /безистен/ | / | 06.јул |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 16. | | Камерна претстава изведба на археол.лок.Баргала | 50.000 | 05.07. |
| | 17. | | Изложба Наташа Станковска Зафировска / Безистен/ | / | 27. јуни |
| | 18. | **НУ-Библиотека** | Книжевен портрет на академик Никола Кљусев | 15.000 | 27.07.2007 |
| | 19. | **Дом на млади** | Квартет мод- концерт Quartet moderne /moderna seriozna muzika Bezisten | | 19.јул |
| | 20. | | Популар.комп. Младински хор/Градска блех музика/ К´р Теке | | 04.јули |
| | 21. | | Штипска музичка разгледница/ дом на млади | / | 23. јули |
| | 22. | | Концерт Д.Н.О. - art rock | / | |
| | 23. | | Концерт на M A S- rock music | / | 17. јули |
| | 24. | | Вечер на ирска традиционална музика CICLOP BAND | | 15. јули |
| | 25. | **НВО Umbrella** | Фолк концерт Folkor dansemle Amersfoort Holland - Холандија | 12.000 | 31. јули |
| | 26 | **Агенција за исел.** | Фолк концерт МКУД "Илинден"Мелбурн 21.00 | 12.000 | 03. јули |
| | 27. | **самостоен** | Дует Саракинов/Докузов | 3.000 | |
| | 28. | **самостоен** | Концерт на мешовитиот хор на здружение на пензионери | / | |
| | 29. | **самостоен** | Дуо кларинет/пијано Ристов/Иванов | 3.000 | |
| | 30. | **сам. група умет.** | Поетски театар "Стерна"-локалитет Вртешка | 10.000 | |

155.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 50/02), член 24-а сатв 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 36 став 1 точка 5 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 7 мај 2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

1. На Здравко Коцев му престанува функцијата вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3292/2
7 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с.р.

156.

Врз основа на член 19а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕДУВАЊЕ НА ПРИСТИГНАТИТЕ ДОКУМЕНТИ ПО ЈАВНИОТ КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈП "ИСАР" - ШТИП

1. За членови на Комисијата за прегледување на пристигнатите документи по јавниот конкурс за избор на директор на ЈП "Исар"-Штип се избираат:
- Вера Панева
- Соња Китанова
- Трајче Цветков
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 04-1672/2
23 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

157.

Врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 8/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА АВТО ТАКСИ-ПРЕВОЗ

1. За претседател и членови на Комисијата за преглед на возилата за издавање на лиценца за авто-такси превоз се именуваат:

   За претседател:
   - Оливера Блажева

   За членови:
   - Весна Стаменова
   - Русе Спасов

   За заменик на претседателот:
   - Зорка Јованова

   За заменици на членовите:
   - Мите Стојменов
   - Драгица Костадинова
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1805/1
1 јуни 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 153. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Програмата за Штипско културно лето 2007 година | 221/9 |
| 154. | Заклучок за донесување на Програмата за Штипско културно лето 2007 година | 221/9 |
| 155. | Решение за престанок на функција вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 225/9 |
| 156. | Решение за избор на Комисија за прегледување на пристигнатите документи по јавниот конкурс за избор на директор на ЈП "Исар"-Штип | 225/9 |
| 157. | Решение за именување претседател и членови на Комисијата за преглед на возилата за издавање на лиценца за авто такси превоз | 226/9 |